**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 30 ноември 2016 година

## Соопштение за печат

## Позначајни движења кај каматните стапки на банките и штедилниците[1]: октомври 2016 година

- Во октомври, каматните стапки на вкупните кредити и вкупните депозити останаа непроменети во однос на претходниот месец, на ниво од 6,3% и 1,8% соодветно.

- Кај каматните стапки на новоодобрените кредити во октомври (5,7%) е забележан минимален месечен пад од 0,1 п.п., додека кај новопримените депозити нема промени на просечното ниво на каматните стапки во однос на септември (1,6%).

Табела 1. Каматни стапки на вкупните и новите кредити и депозити

| | 12.2015 | 1.2016 | 2.2016 | 3.2016 | 4.2016 | 5.2016 | 6.2016 | 7.2016 | 8.2016 | 9.2016 | 10.2016 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| во % на годишно ниво | | | | | | | | | | | |
| **Вкупни кредити** | **6.5** | **6.5** | **6.5** | **6.5** | **6.4** | **6.4** | **6.4** | **6.3** | **6.4** | **6.3** | **6.3** |
| Корпоративен сектор | 6.3 | 6.3 | 6.3 | 6.2 | 6.2 | 6.2 | 6.1 | 6.1 | 6.1 | 6.0 | 6.0 |
| Домаќинства | 6.8 | 6.8 | 6.8 | 6.7 | 6.7 | 6.7 | 6.7 | 6.7 | 6.7 | 6.7 | 6.7 |
| **Новоодобрени кредити** | **5.9** | **6.0** | **6.1** | **6.0** | **5.7** | **5.9** | **5.9** | **5.9** | **5.9** | **5.8** | **5.7** |
| Корпоративен сектор | 5.9 | 6.0 | 6.1 | 6.0 | 5.7 | 6.0 | 5.8 | 5.9 | 5.8 | 5.8 | 5.6 |
| Домаќинства | 5.7 | 6.0 | 6.0 | 5.9 | 5.9 | 5.8 | 5.9 | 5.8 | 6.0 | 5.9 | 5.8 |
| **Вкупни депозити** | **1.9** | **1.9** | **1.9** | **1.8** | **1.8** | **1.8** | **1.8** | **1.8** | **1.8** | **1.8** | **1.8** |
| Корпоративен сектор | 2.2 | 2.2 | 2.0 | 2.0 | 2.0 | 2.0 | 1.9 | 1.9 | 2.0 | 2.1 | 2.1 |
| Домаќинства | 1.9 | 1.9 | 1.8 | 1.8 | 1.8 | 1.8 | 1.8 | 1.8 | 1.8 | 1.7 | 1.7 |
| **Новопримени депозити** | **1.6** | **1.8** | **1.6** | **1.7** | **1.7** | **1.1** | **1.4** | **1.5** | **1.4** | **1.6** | **1.6** |
| Корпоративен сектор | 1.3 | 2.0 | 1.1 | 1.3 | 1.2 | 0.8 | 0.9 | 1.3 | 0.9 | 1.4 | 1.4 |
| Домаќинства | 1.9 | 1.7 | 2.0 | 1.9 | 1.9 | 1.5 | 1.9 | 1.6 | 1.7 | 1.7 | 1.7 |

Извор:НБРМ.

[1] Под „каматна стапка“ се подразбира пондерирана просечна каматна стапка искажана во проценти на годишно ниво. За подетално објаснување види методологија http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-ponderirani_kamatni_stapki_na_bankite_i_stedilnicite_nova_metodologija_od_januari_2015_godina.nspx

**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

## 1. Каматни стапки на корпоративниот сектор[2]







Извор:НБРМ.

- Каматната стапка на вкупните кредити одобрени на корпоративниот сектор на крајот на октомври изнесува 6,0%, без промени на месечна основа. Во однос на декември 2015 година, каматната стапка на вкупните кредити на корпоративниот сектор е пониска за 0,3 п.п.

- Стапката на новоодобрените кредити на корпоративниот сектор на месечна основа се намали за 0,2 п.п. и изнесува 5,6%. Надолната промена произлегува од падот на каматните стапки на денарските кредити без валутна клаузула (за 0,2 п.п.) и на кредитите одобрени во странска валута (за 0,5 п.п.).







Извор:НБРМ.

[2] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор се однесува на нефинансиските институции (јавни и останати).

– Каматната стапка на вкупните примени депозити од корпоративниот сектор во октомври изнесува 2,1% и споредено на месечна основа, остана непроменета. Во однос на почетокот на годината, каматната стапка на вкупните депозити на корпоративниот сектор е пониска за 0,1 п.п.

– Просечната каматна стапка на новопримените депозити од корпоративниот сектор во октомври го задржа истото ниво како и минатиот месец и изнесува 1,4%.

## 2. Каматни стапки на домаќинствата[3]







Извор:НБРМ.

– Каматната стапка на вкупните кредити одобрени на домаќинствата во октомври изнесува 6,7%, без промени од март годинава. Во споредба со крајот на претходната година, оваа стапка бележи надолна промена од 0,1 п.п..

– Во октомври, новите кредити на домаќинствата се одобрувани по просечна стапка од 5,8%, што на месечно ниво претставува пад од 0,1 п.п. кој се објаснува со намалените каматни стапки на денарските кредити без валутна клаузула (за 0,1 п.п.) и на кредитите во странска валута (за 0,2 п.п.).

[3] За потребите на ова соопштение, домаќинствата опфаќаат: физички лица, самостојни вршители на дејност и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.







Извор:НБРМ.

– Каматната стапка на вкупните депозити од домаќинствата на месечна основа не забележа промена и се задржа на нивото од 1,7%. Споредено со крајот на декември 2015 година, оваа каматна стапка е пониска за 0,2 п.п.

– Каматната стапка на новопримените депозити[4], исто така, се задржа на нивото од септември и изнесува 1,7%.

## Придружни информации

Временски серии податоци: годишни, квартални и месечни податоци за пондерираните каматни стапки на банките и штедилниците http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-ponderirani_kamatni_stapki_na_bankite_i_stedilnicite_nova_metodologija_od_januari_2015_godina.nspx

Методолошки појаснувања: http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-ponderirani_kamatni_stapki_na_bankite_i_stedilnicite_nova_metodologija_od_januari_2015_godina.nspx

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://nbrm.mk/kalendar_na_objavuvanje_na_podatoci.nspx

Месечни податоци за каматните стапки: 30 декември 2016 (референтен пресек заклучно со ноември 2016).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

[4] Во графиконот којшто се однесува на „Каматните стапки на новопримени депозити на домаќинствата" прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од домаќинствата.

**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 112/ 110/ 108).